Национална установа Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид
ул. „Македонски просветители“ 2, 6000 Охрид, Република Северна Македонија
Телефони: (централа) 046 262 064; (директор и факс) 046 264 838
www.bibliotekaohrid.mk e-mail: biblioteka_ohrid@yahoo.com

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА,
НАЦИОНАЛНА УСТАНОВА
БИБЛИОТЕКА "ГРИГОР ПРЛИЧЕВ"
Бр. 04-368/1
05.08 2019 год.
ОХРИД

Врз основа на член 77-а, став 1, 2 и 5, член 77-б, член 77-в, став 1, член 77-г, член 77-д, член 77-ѓ од Законот за културата (Сл.весник на РМ бр.31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18 и 11/18), член 20-г од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и Сл.весник на РСМ 143/19) член 22 и член 23 од Законот за работните односи (Сл.весник на РМ бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09, 50/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15 и 27/16), Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас и на пријавата за вработување, како и начинот на бодување во зависност од категоријата и нивото на работно место за кое е објавен јавниот оглас бр. 01-171/2 од 18.04.2018 година, Правилникот за пополнување на работни места за даватели на јавни услуги и лица од помошно-технички кадар бр.01-172/2 од 18.04.2018 година на Библиотеката донесени согласно Правилникот за задолжителните елементи на јавниот оглас за пополнување на работно место во јавниот сектор преку вработување и на Пријавата за вработување, како и формата, содржината и начинот на водење на регистарот на лица кои дале лажни податоци при вработување во јавен сектор (Сл.весник на РМ бр. 34/15), Согласноста од Министерството за финансии бр. 18-2112/2 од 08.02.2019 година, НУ - Библиотека „Григор Прличев“ - Охрид објавува

# ЈАВЕН ОГЛАС бр. 01/2019

## за вработување на неопределено работно време 1 (едно) лице давател на услуги

Националната установа „Григор Прличев“ - Охрид објавува оглас за вработување на 1 (едно) лице на следната позиција:

1. КУЛ 03 04 Д03 001; Стручен соработник во заштита на културното наследство; билиотекар во Културни манифестации, односи со јавноста, издавачка дејност, меѓународна соработка и маркетинг ................................................... (1)еден извршител

Кандидатите треба да ги исполнуваат следните:

**Општи услови:**

- да е полнолетен
- да има општа здравствена способност за работното место и

- со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за работното место**
- 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен од: Образование, Наука за книжевноста и Библиотекарство и документација
- Работно искуство: до 1(една) година работно искуство

**Распоред на работно време**

| | |
|---|---|
| - работни денови | понеделник-петок |
| - работни часови неделно | 40 |
| - работно време - прва смена | од 8,30 до 16,30 и |
| - работно време - втора смена | од 11,00 до 19,00 |

**Паричен нето износ на плата** 24.132,00 денари

Кандидатите за вработување се пријавуваат на јавниот оглас преку пополнување на пријава и приложување на докази за исполнување на условите за работното место. Пријавата за вработување кандидатите можат да ја подигнат во НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид или на WEB-страната на Библиотеката www.bibliotekaohrid.mk .

Кандидатите кон пријавата треба да приложат во оригинал или заверени на нотар:

- Доказ за општа здравствена способност за работното место
- Доказ дека со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност
- Доказ за завршено образование
- Доказ за работно искуство

**Напомена: Предвидени ваботувања согласно Годишниот план на институцијата за 2019 година се: македонец (ка) 1 (еден)**

**Јавниот оглас трае 15 дена од денот на неговото објавување во дневниот печат.**

Ненавремените и некомплетни Пријава и документи нема да се разгледуваат. Пријавата со комплетните документи кандидатите можат да ја доставаат директно во архивата на Библиотеката заклучно со последниот ден до 16,30 часот или по пошта во затворен плик со назнака **„За оглас" на адреса НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид, ул.Македонски просветители бр.2, 6000 Охрид.**

НУ - Библиотека „Григор Прличев" - Охрид
в.д.директор
Гордана Змејковска